Сања Јов. Дану
27-03.26

**ДО: АД ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**ул. „Орце Николов“ бр. 138, 1000 Скопје**

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: | 26-02-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1713/ | | |

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП**

**ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**БАРАТЕЛ:** Заедница на сопственици на бул. „Јане Сандански“ бр. 7 влез 2, Скопје
**ЗАСТАПУВАНА ОД:** [redacted]
**АДРЕСА ЗА ДОСТАВА:** бул. „Јане Сандански“ бр. 7 влез 2, 1000 Скопје
**ТЕЛЕФОН / Е-ПОШТА:** [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**, го поднесувам ова барање за обезбедување на следната информација со која располага Вашето акционерско друштво:

**ПРЕДМЕТ НА БАРАЊЕТО:**

Доставување на копија или овозможување увид во достапната техничка документација (Архитектонски проекти, основи на катови, основи на подрумски простории и засолништа) за станбениот објект на адреса: **Бул. „Јане Сандански“ бр. 7, Скопје** (населба 13 Ноември, Аеродром, реон „Три Бисери“).

**ПОДАТОЦИ ЗА ОБЈЕКТОТ:**

- **Локација:** Бул. Јане Сандански бр. 7, Општина Аеродром;
- **Тип на градба:** Воен станбен фонд (изградена во 1987 година);
- **Проектант:** арх. Миодраг Митровиќ;
- **Изведувач:** ГП „Бетон“ – Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Со оглед на тоа што Вашето друштво е правен наследник на фондовите за стопанисување со станбен простор и ги поседува досиејата за откуп на становите од поранешниот воен фонд на ЈНА/АРМ, се претпоставува дека во Вашата техничка архива се чуваат плановите за овој објект. Како Заедница на сопственици на станбениот објект

на **Бул. „Јане Сандански“ бр. 7**, кој претставува комплексна висока градба со специфични инженерски решенија, проектната документација ни е неопходна за следните клучни потреби:

1. **Целосно техничко одржување и санација:** Увид во оригиналните планови за водоводните, електричните и машинските инсталации заради навремена детекција и отстранување на дефекти во заедничките делови на објектот;
2. **Структурна безбедност и статика:** Проверка на арматурните планови и проектната документација за носечката конструкција на објектот со цел зачувување на неговата стабилност и сеизмичка отпорност;
3. **Енергетска ефикасност:** Прецизни податоци за материјалите на фасадата и покривната конструкција заради планирање на идни зафати за термоизолација;
4. **Проверка на подземните нивоа:** Целосен увид во сите подземни простории (подруми и заштитни објекти) заради нивно законско одржување и функционалност.

Со оглед на тоа што објектот е од постар датум (1987 г.), поседувањето на оригиналниот **Проект за изведена состојба** е од витално значење за безбедноста и управувањето со имотот на сите сопственици.

**НАЧИН НА ДОБИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА:**

1. Електронски запис (скениран документ) на горенаведената е-пошта;
2. Фотокопија на хартија;
3. Непосреден увид во досието на објектот во Вашите простории.

**Во Скопје, на ден 25.03.2026 год.**

**БАРАТЕЛ:**

Заедница на сопственици на посегни делови од
зградата на бул. „Јане Сандански“ бр. 7 влез 2, Скопје

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-1713/3 | | 16-04-2026 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1713/1 од 02.04.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-1713/1 од 02.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на достава на копија или овозможување увид во достапна техничка документација за станбен објект на адреса:бул:Јане Сандански, бр:7, 1000 Скопје

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-1713/1 од .02.04.2026 година за пристап до Информации од јавен карактер, а се однесува на достава на копија или овозможување увид во достапна техничка документација за станбен објект на адреса:бул:Јане Сандански, бр:7, 1000 Скопје
согласно информациите добиени од Сектор за градба и уредување на градежно земјиште Ви го доставуваме следниот одговор:

Барателот (Заедница на сопственици, бул. „Јане Сандански" бр. 7, Скопје) има можност да изврши увид во техничката документација за горенаведениот објект, кој ќе се реализира во просториите на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, односно во рамки на Секторот за градба и уредување на градежно земјиште.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска